Од дефинициите кои се однесуваат на комуникацијата како вештина вниманието го задржавме на најинтересните за нас. Комуникацијата е вештина која бара заемна координација и адаптација на однесување на нејзините учесници (Дотлиќ 1989: 30). Според Брајша, комуникацијата е специфична интерперсонална вештина која се учи и усвојува низ три основни фази: информирање, препознавање и вежбање (Брајша 1990: 17). Проучувањата на определувањето на поимот комуникација нè упатуваат на сознанијата дека:

– комуникацијата е процес во кој луѓето се наоѓаат на одредена позиција;

– позицијата го определува нивниот однос;

– од квалитетот на односот зависи нивното однесување и текот на комуникацискиот процес;

– комуникацискиот процес, изразен во интерактивен модалитет на заемно дејство, води кон успех;

– комуникацијата едноставно е размена на идеи;

– има карактер на организирање и институционализирање, но не и унифицираност.

Затоа сметаме дека „***комуникацијата** може да се определи како динамичен процес на проток на дејствија и специфична форма на социјална интеракција*“ (Мирасчиева 2007: 16). Третманот на комуникацијата во наставата, сам по себе води кон определување на поимот настава. Во литературата што ја консултиравме, во врска со ова прашање, сретнавме повеќе определби. Првата група на дефиниции ги нагласува атрибутивните карактеристики на наставата. Имено, „наставата е плански и организиран воспитно-образовен процес. Како образовен процес, наставата е акт на пренесување и усвојување на знаења, умеења и навики“ (Полјак 1991: 126). Со образованието, во наставата се опфатени оние ментални процеси кои се однесуваат на когнитивните аспекти на воспитанието на личноста. Како таков, образовниот процес влегува во рамките на воспитанието и е негов составен дел. Од друга страна, воспитанието, во потесна смисла на зборот, е процес на изградување на афективните и психомоторни способности на личноста.

Образованието и воспитанието, интегрирани во целина, претставуваат единствен процес на воспитание кој може да се планира и организира низ формата на настава. Затоа, говориме за воспитанието, во поширока смисла на зборот, како процес на изградување и самоизградување на афективните, когнитивните и психомоторните аспекти на развојот на личноста. Воспитанието, следејќи го овој правец на мислата, се определува како вкупност од педагошки влијанија насочени кон формирање на една личност, односно, „воспитанието е систем на активности, дејности и процеси во кои неговите субјекти, во интеракцијата и комуникацијата, го планираат, организираат, реализираат, вреднуваат и насочуваат целокупниот развој на секоја личност во нејзина потполна диференцијација и интеграција оспособувајќи ја за живот во заедницата на луѓе“. Од погоре изнесеното, можеме да заклучиме дека станува збор за процес во кој истовремено течат процеси на пренесување и усвојување на одредени сознанија, процеси на активност на нејзините учесници и нивните меѓусебни влијанија. Ваквите определби се во тесна врска со суштината на поимот комуникација во наставата (Мирасчиева 2007: 56). Затоа, ќе се согласиме дека „воспитната активност е комуникациски процес во кој субјектите меѓусебе влијаат, сé со единствена цел-развој на воспитаникот“ (Мандиќ-Гајановиќ 1991: 68). Според тоа, воспитанието е облик на меѓучовечка комуникација во која се реализира тесна интеракција, насочена кон единствената цел-развој на човековата индивидуа. Во таа насока, Јелавиќ заклучува: „Нема воспитание надвор од меѓучо-

вечките односи и взаемноста во однесувањето“ (Јелавиќ 1995: 99). Аналогно на тоа дека воспитанието и образованието се процеси на меѓучовечка комуникација со интеракциски односи меѓу субјектите, може да кажеме дека во наставата, како воспитно-образовен процес, постои комуникација и тече комуникацискиот процес. Во таа смисла, низ воспитно-образовната комуникација се пренесуваат и стекнуваат знаења и се развива личноста. Во вториот сет/група на дефиниции поимот настава се определува со помош на нејзините составни компоненти. Имено, наставата е единствен процес на поучување и учење. Поучувањето и учењето меѓусебе се поврзани и условени. Од сознанието дека низ наставниот процес тече комуникацијата, произлегува дека и поучувањето и учењето се процеси на комуникација. Досега говоревме за два аргумента кои ја објаснуваат суштината на комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во наставата. Третиот аргумент е содржан во наведените дефиниции, и пред сè, укажува на наставата како процес, односно, процес на заеднички активности на нејзините учесници. Тоа, со други зборови, значи дека процесот на настава како и секој друг процес има почеток, тек на движење, завршеток, субјекти кои го реализираат, влез и излез, технологија, вредности, готов производ (образование). Исто така овој процес е доста сложен, континуиран, динамичен и претставува систем на последователни воспитно-образовни активности прилагодени на психофизичките способности на учениците. Да се говори за процесуалниот аспект на наставата значи да се говори за одредени законитости во наставата. Доколку се навратиме на определбата дека наставата претставува оптимален комуникациски процес, дотолку тоа значи дека наставата мора да ги почитува комуникациските законитости. Оттука се наметнува сознанието дека наставата претставува процес на комуникација во кој се пренесуваат и усвојуваат информации, со што се објаснува *суштината и реалитетот на наставната комуникација во релацијата наставник – ученик.* Што се однесува до поимите ефикасност и ефективност и овде чувствуваме потреба да направиме јасна терминолошка дистинкција, иако станува збор за поими кои еден без друг не постојат, затоа што се одговор на прашањата како треба да се работи односно како да се постигнат резултати. Суштината на првиот дел од прашањето е начинот и постапката, методот и стратегијата а одговорт е ефикасно. Одговорот на вториот дел од прашањето е содржано во самото прашање и се однесува на продукти и резултати, односно ефективност. Семантичкото значење на поимите е изразено и во етимолошка смисла, па ефикасност (лат. *efficacitas*, дејственост, успешност) и ефективност (лат. *effectivus*, вистински, кој навистина постои, завршен продукт) (Вујаклија 1974: 316–317).

## СО ЕФЕКТИВНА КОМУНИКАЦИЈА ДО ЕФЕКТИВНАТА НАСТАВА

Во суштина, комуникацијата претставува комбинација од процеси што ги спроведуваме за да се споделат и да се пренесат информации. Сепак, ефективна комуникација се случува само ако испраќачот (т. е. лицето кое го иницира, почнува и поттикнува процесот на комуникација) е свесен за специфичните елементи и се грижи за ефективен трансфер на пораката кон примачот. Зошто е потребна ефективна комуникација? Ефективната комуникација ни помага подобро да ја разбереме личноста или ситуацијата и ни овозможува да ги надминеме разликите, да изградиме доверба и почит и да создадеме опкружување каде ќе се развиваат ќе се креативни идеи, ќе се решаваат проблеми, ќе доминира љубовта и грижата. На тој начин, ефективната комуникација може да ги подобри односите во семејството и воспитно-образовните институции и во сите социјални односи со продалбочување на односите на индивидуата со останатите, подобрување на тимската работа, при одлучувањето и решавањето на проблеми. На тој начин можеме да комуницираме со негативни или течки пораки но при тоа да не создадеме нетрпеливост, да поттикнеме судир и недоразбирање, омраза, конфилкт или да се изгуби довербата. Ефективната комуникација е всушност комбиниран збир на вештини кој ги опфаќа невербалната комуникација, слушање со внимание (активно слушање), способност за управување со стрес и емоционална способност (способност за препознавање како на сопствените чувствата така и на чувставата на другите со кои сме во комуникација). Како се определува ефективната комуникација? Терминот ефективна комуникација често се употребува како синоним за убедлива, персуасивна комуникација. (persuasive communication). Сепак, овие два термина се однесуваат на различни комуникациски цели и не треба да се изедначуваат. Всушност, убедливата комуникација има за цел да предизвика промена во однесувањето и вредностите на примачот (реципиентот). Ефективната комуникација, од друга страна, има за цел испраќање на содржината на пораката јасно и недвосмислено до сите реципиенти, така што секој од нив може правилно да ја оцени и соодветно да реагира на истата. Од тука прашањето каква комуникација е потребна, ефикасна или ефективна, да се комуницира правилно или да се постигнат резултати во комуникацискиот процес? И едното и другото е потребно, но сепак не е исто. Термините ефикасна и ефективна во суштина се разликуваат. Ефикасноста се однесува на активноста, правилната работа и го потенцира начинот и постапката, а ефективноста се однесува на вистинска работа, резултат, готов продукт.

Кои се карактеристики на ефективната комуникација? Карактеристиките на ефективната комуникација потребно е да се проучуваат од две страни, од страна на испраќачот (наставникот) и од страна примачот (ученикот) кои се директни учесници во актот на комуникација. За ефикасна комуникација која

оди до ниво на ефективност, потребни се одредени компетенции како: – слушање, како еден од најважнјите аспекти на ефективната комуникација. Успешното слушање подразбира не само разбирање на информацијата која доаѓа до нас, туку и разбирање на емоциите и состојбата на соговроникот во текот на комуникацискиот акт. Со ефективното слушање, соговорникот го чувствува нашето внимание и разбирање на неговите пораки, со што се создава средина на почит и сигурност, со разбирањето на соговорникот се штеди време и се намалува влијанието на негативните емоции; – невербална комуникација. Кога комуницираме за прашања кои имаат големо значење за нас, најчесто ги користиме знаците на невербална комуникација. Немата комуникација (комуникација без говор) ги вклучува меѓу другото изразот на лицето, движењата на телото („говор на телото“), мимики и гестови, контакт со очите, држење (став), тон на гласот (висина и боја на гласот), како и напнатост на мускулите и дишење. Начинот на кој гледаме, слушаме и реагираме на нашиот соговорник говори повеќе за нашите чувства отколку зборовите кои ги упатуваме кон соговорникот. Развојот на способноста да се разбира и користи невербалната комуникација може да помогне во поврзување со другите личности, во изразувањето на вистинските чувства и градењето подобри односи во средината која не опкружува; – управување со стресот. Во мали дози, стресот може да ни помогне да извршиме одредена активност „под притисок“. Меѓутоа кога стресот е постојан и неизбежен, може да ја попречи ефикасната комуникација, да го попречи развојот на способноста за јасно и креативно мислење и дејствување на соодветен начин. Кога една индивидуа е под стрес, може погрешно да ги сфати луѓето околу себе и да испраќа збунувачки и погрешни невербални сигнали и пораки. Со контрола на стресот во непријатни ситуации може да се спречи недоразбирањето и конфликтните ситуации со другите – емоционална свест.

Емоциите имаат голема улога во комуникацијата и го моделираат начинот на кој комуницираме со другите. Затоа секој поединец мора да научи да биде свесен за своите емоции, да ги препознава знаците на лутина, потиштеност, депримираност, нервоза, затоа што само на тој начин ќе може да го прекине моменталното чувство и полесно и порелаксирано да разговара со другите. Од перспектива на примачот, добрата стратегија за ефективна комуникација подразбира, активно слушање, односно разбирање на пораката од перспектива на примачот. Во книгата *Ефективни односи со јавноста* (Effective Public Relations, 1953), авторите Scott Munson Cutlip & Allen H. Center) се говори за седум карактеристики на ефективната комуникација. Оваа листа денес е позната како *7 C's of communication* (7 Каракеристики на Комуникацијата). Листата ги содржи следниве карактеристики на ефективната комуникација:

1. *комплетност.* (за да бидеме ефективни, комуникацијата треба да биде комплетна, т. е. да ги содржи сите информации со кои примачот ќе ја оцени содржината, ќе реши проблем или донесе одлука. Потполната комуникација ја намалува потребата од делот кој следи а кој се однесува на прашања и одговори, и го подобрува квалитетот на целокупниот процес на комуникација);

2. *концизност.* (концизноста не е за одржување на кратка порака, туку за одржување на суштината на пораката. Концизноста во комуникацијата постои кога пораката не вклучува непотребни или ирелевантни информации. Концизната комуникација поттикнува подобро разбирање на пораката, бидејќи примачот може да се фокусира на клучните точки и да не се оддалечува од богатството на ситни детали.);

3. *разгледување.* (кога постои ангажирање во комуникацијата, испраќачот секогаш треба да ги разгледа и да ги процени потребите на примачот, расположението и ставовите. Прилагодувањето на содржината и стилот на пораките врз основа на нивната целна публика ги зајакнува клучните точки поставени во рамките на пораката, па така испраќачот може да користи аргументи и примери релевантни за искуството на примачот, со што се грижи за потемелно разбирање на пораката.);

4. *конкретност.* (комуникацијата е ефективна кога пораката е поддржана со факти и бројки. Конкретноста во комуникација е во функција на навремени и доследни одговори на прашањата, и развој на аргументација врз основа на реални примери и ситуации а не на основа на општи сценарија и теории. Конкретноста поттикнува ефикасност во комуникацијата, така што примачот добива посеопфатен преглед на пораката и нејзините импликации.);

5. учтивост. (учтивост односно љубезност во комуникацијата значи да се почитува културата, вредностите и верувањата на примачот, што овозможува полесно воспоставување на однос и разбирање со примачот Љубезноста во комуникацијата има позитивно влијание на целокупната комуникација, така што поттикнуваа позитивен и конструктивен пристап во разговорот.);

6. *јасност.* (за да бидеме ефикасни, комуникацијата треба да биде јасна и конкретна. За да се постигне јасност, пораката треба да се фокусира на една единствена цел, потенцирајќи ја притоа нејзината важност и создава услови за брзо разбирање на нејзината содржина. Јасната комуникација бара усвојување на релевантна терминологија, со што се намалуваат недореченостите и конфузијата во процесот на комуникација.);

7. *коректност.* (правилното користење на граматиката и синтаксата гарантира зголемена ефикасност и кредибилитет на пораката. Всушност, граматичките и синтаксички грешки го отежнуваат декодирањето на пораката и разбирањето на нејзината содржина од страна на примачот. Исто така, тие имаат негативно влијание врз целокупната комуникација, бидејќи се показател дека испраќачот не посветил доволно време и внимание на неговата порака).

Всушност, ефективната комуникација е определена низ следниве карактеристики:

– промовира активности кои се реални во рамките на ограничувањата од страна на заедницата;

- се гради врз постоечките верувања и практики на луѓето;
- се повторува и засилува со текот на времето, користејќи различни методи;
- е адаптибилна и користи точно одредени канали на комуникација;
- е забавна и го привлекува вниманието на заедницата;
- користи едноставен, јасен и недвосмислен јазик;
- нагласува краткорочните придобивки од преземањето на акција;
- користи демонстрации да ја покаже практичниот бенефит од донесување на корисни практики;
- развива природен стил: секој човек има свој природен начин на презентирање на идеи;
- обезбедува можности за дијалог и дискусија.

Често пати настанува нарушување на комуникацискиот акт, предизвикан од одредени бариери. Бариерите (пречките) можат да го инхибираат комуникацискиот процес, што резултира со недоразбирање или нарушување на пораката. Генерално, комуникациските бариери можат да бидат: физички бариери (вклучуваат потешкотии во слушањето и гледањето); интелектуални бариери (природна способност, семејни услови или образование, што влијае на перцепцијата и разбирањето на примачот.); емоционални бариери (се однесуваат на подготвеност, волја или желба на примачот и емоционална состојба на едукаторот); срединскi бариери (премногу бучава или ако собата е премногу оптеретена) и културни бариери(ги вклучуваат оние обичаи, верувања или религиозни ставови кои можат да предизвикаат проблеми. Економските и социјалните разлики и јазични варијации, како и генерациските разлики, исто така, тешко можат да се надминат. Или премногу висок или премногу низок статус на едукаторот (испраќачот) во споредба со примачот може да влијае на комуникација.). Затоа нашата препорака е следна: не можат да се избегнат или да се надминат сите овие пречки, но треба да се обидеме да се најдат начини за нивно минимизирање.

Ефективната настава е определена од комуникациската ефикасност која пак во себе ги содржи трите меѓусебе поврзани клучни елементи: вистинитост, емпатија и почит, изразени во интеракцијата наставник-ученик. Оваа интеракција е доминатна во училницата и има две импликации: пријатна атмосферата во училницата со пријателски односи меѓу учесниците во процесот на учење и ги охрабрува учениците да станат ефективни комуникатори. Тоа може да се постигне на различни начини: со менување на улогите ученик-наставник, со учество на учениците во разновидна организацијата на училницата, со реализација на различни активности, преку помагање на учениците да се изразуваат и преку поттикнување на употреба на комуникациски стратегии. Ако овие две

импликации се присутни, тогаш се создава пријатна клима во училницата а учениците се обидуваат да комуницираат ефикасно.

Зошто е потребна интеракцијата за ефикасна комуникација? Одговорот е едноставен и се наоѓа во етимолошкото значење на сложенката интеракција (лат. корени: „agere – да се направи“ и „inter – меѓу“. Интеракцијата е всушност реципрочно дејствување, акција или влијание, се изразува во односот акција/реакција. Во интеракцијата е изразена активната и социјалната страна на човечкото суштество што влијае на другите луѓе“. Браун (2001: 165) поврзувајќи ја интеракцијата со комуникацијата, вели: „Интеракцијата е, всушност, срцето на комуникација: тоа е она што е комуникацијата е за сите“. Интеракцијата е двонасочен процес помеѓу учесниците во процесот на комуникација во наставата каде наставникот влијае на учениците и обратно. Интеракцијата може да продолжи хармонично или може да биде полна со тензија. Malamah-Tomas (1987: 8) истакнува дека секоја интеракциска ситуација има потенцијал за соработка или конфликт. Развојот на интеракцијата е определен од ставовите и намерите на учесниците во комуникацијата како и од нивните толкувања на меѓусебните ставови и намери. Единствено во услови на меѓусебна соработка, се одвива ефикасна комуникација. Ефикасната комуникација е целноориентирана и е во функција на создавање и одржување на општествените односи, статусот и социјалните улоги, како и донесување одлуки за спроведување на заеднички акции заради одржување на заедницата а во наставата примарна заедница е ученичкиот колектив.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Уметноста на комуникацијата вклучува слушање и зборување, како и читање и пишување. Секој во себе носи потенцијали за голем комуникатор. Како што може да се заклучи клучот за ефикасна комуникација е способноста да се промени свеста од перспектива на примачот. Најдобар начи да се практицираат погледи и ставови од перспектива на другата личност е да се практицира техниката на ефективно слушање. Затоа наставниците треба да бидат високо квалификувани во сите овие области до највисокиот степен во својата професија. Умешните комуникатори добиваат информации, ги разбираат и синтетизираат, а потоа ги изразуваат на високо ниво. Тоа ги прави одлични наставници, бидејќи тие се во можност да пренесуваат знаење, вештини и вредности во исто време да комуницираат и да се грижат за учениците кои им се доверени на грижа. Затоа, почитувани наставници: Кои се вашите големи предизвици во ефикасната комуникација со учениците? Имате ли некои алатки кои ги користите за да бидете сигурни дека вашите пораки се стокмени правилно?

Ова се само некои насоки за размислување кои ќе овозможат ефикасна комуникација а со тоа и ефективна настава. При тоа имајте во предвид дка комуникацијата историемено е ексресивна, изразна и рецептивна, приемчива, прифатлива. Наставниците мора да бидат вешти во процесот на слушање на своите ученици толку колку што јасно ќе ги објаснуваат содржините, односно со јасни мисли и точни изрази ќе ги претставаат наставните содржини. Тие мора да бидат способни да ги трансформираат сложените идеи во едноставни и разбирливи за учениците и во кратки пораки да ги пренесат до учениците. Тоа со други зборови значи дека наставниците треба да ги прилагодат своите начини на комуникација на сите ученици, без разлика на нивните способности и стилови на учење. Само низ ефективна комуникацијанаставникот ќе може да „чита“ својот ученик и да се прилагоди на потребите на поединецот. Ефикасната комуникација во наставата опфаќа трансформација на досадата и едноличноста во интересен и динамичен наставен модел а со изградени вештини за ефикасна комуникација се оди кон ефективна и квалитетна настава.

## Литература

Андреев, М., Чурукова, Ц., Тодорова, Д. (2000). *Дидактика*. Благоевград: УИ „Неофит Рилски“.

Baylor, A. L. (1999). Permutations of Control: Cognitive Considerations for Agent-Based Learning Environments. In *Journal of Interactive Learning Research*, Vol. 12, No. 4, 403–425.

Белова, М. (1997). *Теоретични основи на възпитанието*. София: Веда Словена.

Bratanić, M. (1993). *Mikropedagogija*. Zagreb: Školska knjiga.

Brajša, P., Vučetić, M. (1990). *Osnovni elementi interpersonalne komunikologije*. Varaždin: Фakultet organizacije i informacije.

Brown, D. H. (2001). *Teaching by principles. An Interactive Approach to Language Pedagogy*. White Plans NY: Pearson Education – Longman.

Буркарт, Р. (2000). *Наука за комуникацията*. Велико Търново: ПИК.

Вујаклија, М. (1974). *Лексикон страних речи и израза*. Београд: Просвета.

Dagarin, M. (2004). Classroom interaction and Comunication strategies in learning english as a foreign, u во *Studies in the english language and literature in Slovenia.* Ljubljana: Birografika Bori, Vol. I/1–2.

Dotlić, Lj., Gera, I. (1989). *Neki metodički postupci za razvijanje uspešne komunikacije,* Novi Sad: Pedagoška stvarnost, 5–6, стр. str. 33–39.

Malamah, T. A. (1987). *Classroom Interaction*. Oxford: Oxford University Press.

Мирасчиева, С. (2007). *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште.* Штип: Педагошки факултет.

*Педагошки лексикон* (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.

Fullan, M. (2005). *The New Meaning of Educational Change*, third edition, Published simultaneously by Teachers College Press, 1234 Amsterdam Avenue, New York, NY 10027 and by Routledge Falmer, 11, New Fetter Lane, London, EC4P 4EE. This edition published in the Taylor & Francis e-Library.

Chan, T. W. (1991). Integration-Kid: A Learning Companion System. In *Proceeding of 12th International Joint Conference on Artificial Intelligence*, 1094–1099.

**Проф. д-р Снежана Мирасчиева**
Университет „Гоце Делчев“ Штип, Македония, Факультет образовательных наук

## ЭФФЕКТИВНОЕ ОБУЧЕНИЕ С ТОЧКИ ЗРЕНИЯ КОММУНИКАЦИИ

**Резюме**

Тенденция по увеличению производительности обучения и его эффективность сохраняет актуальность вопроса коммуникации в обучении. Существуют многочисленные научные работы и исследования, которые указывают на различные аспекты проблемы. В настоящей работе представлен наш короткий осмотр на роль коммуникации в обучении. Цель настоящей работы состоит в том, чтобы подчеркнуть важность эффективной коммуникации и ее роль в улучшении практики обучения, таким образом, что отношения между коммуникацей и обучением рассматриваются с двух точек зрения: эффективности и эффектности.

**Ключевые слова**: *эффективность, эфектность, обучение, коммуникация.*